**ЗАПИСНИК**
**од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 09.02.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Арбен Саити, Цветанка Митревска, м-р Владимир Ѓорѓиески, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски, во врска со дневниот ред, објасни дека под точка бр. 2 се предложени пет предлози за покренување на постапки за одземање на дозволи за телевизиско и радио емитување. Но, во текот на денот, два радиодифузера извршиле уплата за годишниот надоместок и за нив нема да се покрене постапка за одземање. Исто така, ги информира членовите на Советот дека ќе има и точка под Разно, за кој веќе имаат материјал, со наслов: Предлог-одлука за усвојување на Извештајот и Пописните листи од извршениот попис на средствата, обврските и побарувањата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.02.2017 година.
2. Предлози за покренување на постапки за одземање на дозволи за телевизиско и радио емитување.
3. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка-услуга: Ревизорски услуги.
4. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка- услуга: Авионски билети.
5. Предлог-одлука за набавка на услуга од мала вредност, за потребите на Агенцијата.
6. Разно.

**Точка 1**

Членовите на Советот, со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Фетаи, го усвоија записникот од 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.02.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски, во врска со предлозите за покренување на постапки за одземање на дозвола за телевизиско и радио емитување, објасни дека од петте медиуми, два радиодифузера ТВ ЕДО и ТВ МТМ, во текот на денот го уплатиле надоместокот, додека за останатите три се предлага покренување на постапка за одземање на дозволата.

Г-дин Трајчевски, објасни дека останатите три радиодифузери, ТВ Скопје, РА Слободна Македонија и ТВ Шутел, во законскиот рок не извршиле уплата, ниту делумна, но од сите нив има најава дека во дополнителниот рок од 15 дена, ќе го помират долгот кон Агенцијата.

- Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-39 од 08.02.2017 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, бр.08-17 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-678/1 од 06.02.2017 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје, бр.08-17 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16).

- Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-42 од 08.02.2017 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, бр.08-66 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-675/1 од 06.02.2017 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, бр.08-66 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16).

- Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-43 од 08.02.2017 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.08-18 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-679/1 од 06.02.2017 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТДРД ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.08-18 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16).

**Точка 3**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Цветанка Митревска, ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка-услуга: Ревизорски услуги.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-641/3 од 07.02.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе Одлука за потреба од јавна набавка за предметот-услуга: Ревизорски услуги.

За спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Ревизорски услуги, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-463/1 од 20.01.2017 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година.

**Точка 4**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Цветанка Митревска, ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка-услуга: Авионски билети.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-670/3 од 07.02.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе Одлука за потреба од јавна набавка за предметот-услуга: Авионски билети.

За спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Авионски билети, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-463/1 од 20.01.2017 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски, ја образложи Предлог-одлуката за набавка на услуга од мала вредност, за потребите на Агенцијата. Објасни дека станува збор за осигурување на недвижностите, движните ствари и целокупната опрема во деловно административниот објект на Агенцијата, за период од една година. За таа цел, спроведена е јавна набавка, при што најниска цена имаше понудено Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп Скопје. Меѓутоа една од компаниите, што досега Агенцијата имаше склучено годишен договор, се жали до комисијата за јавни набавки од втор степен, не околу цената туку околу висината на попустот што ја дала компанијата Винер. За да Агенцијата, во овој период не остане без осигурување, предложи да се спроведе јавна набавка за услуга од мала вредност, за период од еден месец. Понуди доставиле ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ, Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп Скопје и од Друштвото за осигурување АЛБСИГ АД Скопје, кое доставила најниска цена.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-652/2 од 08.02.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата, да донесе одлука за набавка од мала вредност (Финансиско – осигурителни услуги за период од еден месец), за потребите на Агенцијата, со износ кој нема да надмине 30.000,00 денари, без пресметан ДДВ.

Од доставените понуди, со најниска цена е понудата од Друштвото за осигурување АЛБСИГ АД Скопје, доставена преку електронска пошта на ден 07.02.2017 година (наш бр.05-695/1 од 07.02.2017 година), на вкупен износ од 19.915,00 денари, поради тоа што е финансиски најповолна за Агенцијата.

**Точка 6**
**Разно**

Претседателот на комисијата, м-р Владимир Ѓорѓиески, образложи дека пописната комисија формирана во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со Решение, бр.03-6615/1 од 20.12.2016 година, беше составена од: м-р Владимир Ѓорѓиески, претседател на Комисија со заменик, Симе Златески, Илија Витков, член на Комисија со заменик Арѓенд Џелили и Агрон Адеми, член на Комисија со заменик Христијан Трајчевски. Пописот се вршеше во периодот од 03.01.2017 година до 06.02.2017 година на основните средства, ситниот инвентар, материјалите и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства на Агенцијата со состојба на 31.12.2016 година. При утврдувањето на состојбата на производите-артиклите во магацинот, Комисијата за попис констатирала и одредени кусоци и за тоа

составила Пописна листа со предлог за отпис/расход на инвентар и опрема, во која предложи расходување односно отпис на производите-артиклите во магацинот за констатираните кусоци. Во периодот од 30.01.2017 до 02.02.2017 година, направен е попис на опремата со која располага Агенцијата а која е сместена во просториите на Македонски Телеком на локации во градовите Велес, Куманово, Штип, Струмица, Битола, Охрид, Дебар и Тетово. За сместување на опремата во просториите на Македонски Телеком во наведените локации, Агенцијата има склучено Договор за услуги за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема и Прилог А кон Договорот за услуги за изнајмување на простор за колокација на ИКТ опрема. Во текот на вршење на овој попис, комисијата констатираше дека одредени ознаки на инвентарните броеви под кои предметите се водат во пописната листа, погрешно се поставени, односно инвентарниот број од пописната листа не соодветствува со бројот со кој е означен предметот. На крајот информира дека една фотелја што минатата година при пописот недостасувала и била обележана како кусок со инвентарен број 1522, сега е пронајдена и лицето на пријавница секојдневно ја користи.

Г-дин Фиданоски, праша, по кој редослед и по кој основ или критериум е правен пописот во однос на шифрите, односно дали по вид на производ, дали по катови или по нешто друго? Имено од доставениот материјал за пописните листи, може да се забележи дека шифрите како бројки не се подредени едно по друго.

Претседателот на комисијата, м-р Владимир Ѓорѓиески, одговори дека од Секторот за правни и економско – финансиски работи, на Комисијата и се доставува пописна листа на нематеријални и материјални вложувања, односно како тие влегуваат во Агенцијата, самиот софтвер им определува броеви. По таа листа се проверува дали се одговара со задолженијата. Објасни дека шифрите се всушност софтверски дадени бројки, кои не се подредени по ред, така што може да се случи и одредени броеви да недостасуваат доколку тие од претходниот попис се расходувани.

Г-дин Фиданоски, согласно објаснувањето, констатира дека броевите се добиваат по времето на прием, од моментот кога стануваат сопственост на Агенцијата.

Г-дин Фетаи, во поглед на материјалните добра на кои им поминал рокот или се амортизирани, праша дали во меѓувреме тие се дадени на користење во друга институција а при тоа се уште се водат во евиденција на Агенцијата?

Г-дин Трајчевски, рече дека согласно Закон за поседување на движни и недвижни ствари, не може да се даде никому ништо без одлука на Советот на Агенцијата и Владата на РМ.

Г-дин Фетаи, праша дали тоа значи дека сите средства кои се евидентирани во пописот се во функција и ниедно не е вон употреба?

Г-дин Трајчевски, рече дека постои можност да има некои ствари што не се во функција, но се уште се во магацините на Агенцијата.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-672/3 од 08.02.2017 година и едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата, да донесе одлука за усвојување на Извештајот и Пописните листи од извршениот попис на средствата, обврските и побарувањата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година и за отпис на основните средства, со текст како што беше предложена одлуката.

Со одлуката се усвојуваат Извештајот за извршениот попис на основните средства, ситниот инвентар, материјалните и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства на Агенцијата со утврдена состојба заклучно со

31.12.2016 година и Пописните листи од извршениот попис на средствата, обврските и побарувањата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од извршениот попис во Агенцијата за 2016 година, кои се доставуваат во прилог на Извештајот, и тоа:

-Пописна листа за утврдената состојба на денарски средства и девизни средства, која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.1,

-Пописна листа за производите-артиклите во магацинот, бр.1, која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.2,

-Пописна листа на основни средства (инвентар и опрема) која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.3,

-Пописна листа со предлог за отпис/расход на инвентар и опрема која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.4,

-Пописна листа на побарувањата и обврските, која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.5 и

-Пописна листа за ситен инвентар која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.6.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, да изврши отпис на основните средства, содржани во Пописната листа за отпис/расход на инвентар и опрема која е приложена кон Извештајот (како Прилог бр.4).

Отпишаните средства да паднат на товар на капиталот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Бр. 02-690/9
13.02.2017 година
Скопје

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**